РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-441/2
21-03-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 63-та седница одржана на 15.03.2022 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-441 од 28.01.2022 година, за утврдување на повреда на член 8-а од Изборниот законик при изрекување на дисциплинска казна по распишување на локални избори, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во предметната пријава не е констатирана повреда на Законот за спречување на корупцијата и Изборниот законик.

Предметот со број 12-441 од 28.01.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, ---------- од --------, преку Адвокат ---------- на ден 28.01.2022 година, поднесена е пријава за утврдување на повреда на член 8-а од Изборниот законик при изрекување на дисциплинска казна по распишување на локални избори и оформен е предмет број 12-441 од 2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека лицето ---------- од ---------- е вработен во ---------- од 2018 година.

---------- во својство на работодавач на својот вработен ---------- со Решение број ---------/4 од ----------.2021 година му изрекол парична казна во висина од 15% од последната исплатена месечна нето плата и тоа во траење од 3 (три) месеци, а поради повреда на работниот ред и дисциплина согласно член 81 став 1 точка 1 и 2 од Законот за работните односи и член 68 став 1,2 и 18 од Колективниот договор.

Подносителот бара ДКСК да ја утврди сторената повреда на членот 8-а од Изборниот законик и да го извести ---------- со насока да се поништи Решението бр. ---------/4 од ----------.2021 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, а имајќи ги во предвид активностите кои не треба да се вршат во време на изборен процес, а кои се уредени во на членот 8-а од Изборниот законик, ДКСК констатира дека во случајот не е сторена повреда на споменатиот член од ИЗ од причина што во истиот не е пропишана забрана за изрекување на дисциплинска мерка со парична казна.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: м-р К.З
Одобрил: Н.Б, Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска